# PROTOCOL ACADEMY
MACEDONIA



*Првиот впечаток е тој што останува!*

# ПЛАНИРАЈТЕ го ВАШИОТ УСПЕХ

Колку пати треба да ја стиснам раката кога се ракувам? Со какво пенкало да го потпишам договорот со клиентите од Азија? Кога е вистинското време за здравица? Дали БМВ е само автомобил? Кој е мојот „моќен костум“? Како да се облечам кога на поканата пишува „елегантно неформално“? Да носам подарок или не?

Како се претставувате и се однесувате пред своите клиенти, партнери или колеги е она што Ви дава кредибилитет! Вие сте пораката и Вашиот имиџ е Вашето скалило кон успехот. Светските компании ја препознаваат важноста од познавањето на протоколот и етикецијата, и ниту еден човек не може да се смета за успешен доколку не ги познава стандардите на однесување.

Да се познава протоколот не значи само да се познаваат финесите на однесување во различни пригоди. Познавањето на протоколот Ви дава сигурност и можност да ги избегнете сите деловни или дипломатски непријатни ситуации кога работите или кога се дружите со луѓе од друг статус, религија, култура, каде што владеат поинакви правила. Со таков кредибилитет, станувате дел од глобалните трендови каде што познавањето на протоколот и добрите манири се дел од сечие резиме.

Затоа, **планирајте го Вашиот успех!**

## ШТО ДОБИВАТЕ?

- Подобар личен и професионален имиџ
- Знаење за меѓународниот протокол и лична дипломатија
- Стручност и компетентност за разни форми на корпоративна и дипломатска комуникација
- Совладување на коректната општествена етикеција, вклучувајќи ги и манирите на маса
- Зголемена самодоверба при официјалните, службените и неформалните контакти
- Подобри комуникациски вештини
- Подобри односи со јавноста
- Разбирање на кодексот на облекување
- Познавање на мултикултурните разлики и подобра подготвеност за работа во меѓународни организации
- Професионалност во соработката со партнери однадвор
- Стручност во подготвување и организирање на деловни забави



## НАДМИНЕТЕ ЈА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Познавањето на протоколот не е само дел од Вашиот личен имиџ туку и дел од имиџот на Вашата фирма или институција. Овој модул ги претставува сите протоколарни правила на деловно однесување и интеракција.

## МАНИРИ НА МАСА

Вештините на однесување на маса се клучни за секој што сака да остави впечаток на човек кој го познава бон-тонот. Модулот *Манири на маса* го опфаќа целиот процес – од идејата за настан, поканувањето, дочекувањето, распоредот на седење, па сé до испраќањето на картичка со благодарност.



# МУЛТИКУЛТУРНИ МАНИРИ



Да се води бизнис на меѓународна сцена е предизвик, но и голема можност за грешки доколку не се познава меѓународниот протокол. Модулот *Мултикултурни манири* ќе Ви ги претстави меѓународните правила на однесување. Оваа вештина ќе Ви овозможи остварување на деловни успеси и градење на позитивен имиџ, како Ваш личен, така и на институција и државата што ја претставувате.



# ДИПЛОМАТСКИ ПРОТОКОЛ

Суштината на протоколот како на запишани правила на однесување во најформалните ситуации, најдобро се отсликува на полето на дипломатијата како систем на меѓународно признат систем на куртоазни правила. Овој модул е исклучително корисен за вработените во дипломатските претставништва.

# ВЕШТИНА НА ГОВОРЕЊЕ



Говорењето пред публика е вештина која не бара само техничка подготовка. Овој модул ќе Ви помогне да го задржите вниманието на публиката, да ја пренесете својата порака и да останете запаметени како најдобар и најинтересен говорник.

PROTOCOL ACADEMY
MACEDONIA

# Академија за протокол на Македонија

Академијата за протокол на Македонија е единствена институција од ваков вид во земјата и пошироко, која нуди обука по протокол и етикеција по ексклузивна лиценца и сертификација на Школата за протокол во Вашингтон®, водечка институција за протокол и добро однесување во САД.

По повеќе од дваесетгодишно постојано истражување, наставната програма на Школата за протокол во Вашингтон® станува една од најдобрите во светот и гарантира највисоко ниво на обука за сите што ја сфаќаат важноста од познавањето на вештините на протоколот на домашната и меѓународната сцена.

Обуката е интерактивна, динамична и се одвива во пет основни модули – Надминете ја својата конкуренција, Манири на маса, Мултикултурни манири, Дипломатски протокол, Вештина на говорење. Во текот на обуката, на слушателите им се нудат и дополнителни модули како на пример Познавањето на вината, Кодексот на облекување и шминка, Во албанскиот дом, и др. кои се вклучени во редовната програма.

Обуката е дизајнирана според најновите стандарди на учење со возрасни и се одвива во класови од максимум 20 лица. Секој модул изобилува со вежби коишто предвидуваат создавање конкретни ситуации во кои слушателите ќе можат да го покажат наученото.

**Академија за протокол на Македонија**
**Адреса:** Лермонтова 3-11, 1000 Скопје, Република Македонија
**Тел:** (+389) 75 484 384
**e-mail:** contact@protocolacademy.com.mk
www. protocolacademy.com.mk

**Вие** = *55%* + *38%* + *7%*

| | | |
|---|---|---|
| 55% како изгледате | 38% како зборувате | 7% што зборувате |

*(според истражувањето спроведено од Универзитетот Харвард, Фондацијата Карнеги и Институтот за истражување Станфорд)*

## КАКО ДА АПЛИЦИРАМ

Формуларите за упис можат да се најдат на **www.protocolacademy.com.mk** или јавете се на **075 484 384**.

За понатамошни информации прочитајте ја страницата со општи информации

PROTOCOL ACADEMY
MACEDONIA

Школата за протокол во Вашингтон® е водечка институција во САД и меѓу најдобрите во светот која обезбедува обука за протокол и етикеција. Основач на Школата е Доротеа Џонсон, експерт за меѓународен протокол која уште во 1986 година ја согледува потребата од ваква обука за професионалци и за сите што сакаат да го подобрат своето знаење и имиџ.

Памела Ајринг, директор на Школата за протокол, ја издигна наставата на експертско ниво, а нејзиното огромно искуство ја стави Школата за протокол во Вашингтон® на највисокот место во американскиот едукативен систем. Преку одобрувањето на ексклузивни и уникатни национални лиценци, само на докажани познавачи на протоколот. Школата за протокол во Вашингтон® го докажа својот примат и на глобално ниво.

www.psow.com

Лукреција Мaљковиќ Атанасовска е основач и директор на Академијата за протокол на Македонија и меѓународен консултант по етикеција и протокол, сертифициран од Школата за протокол во Вашингтон® за Република Македонија. Своето долгогодишно работно искуство во протоколот и односите со јавноста, г-ѓа Мaљковиќ Атанасовска го пренесува и во практика, споделувајќи го своето знаење и вештини со многу деловни клиенти, домашни институции, дипломатски претставништва и амбасади.



Лукреција Мaљковиќ Атанасовска, основач на Академијата за протокол на Македонија и Памела Ајринг, директор на Школата за протокол на Вашингтон

Учесник е на многубројни меѓународни конференции и обуки за протокол, односи со јавноста и медиумите и комуникациските вештини, меѓу кои и Европската комисија во Брисел, Регионалниот центар за обука на Стејт Департментот во Франкфурт, Германија, Националниот центар за обука во САД “Џорџ Шулц“ и Школата за професионални студии при Институтот за Форин Сервис. Специјализира во Школата за професионални лингвисти во Кембриџ, Велика Британија и Школата за односи со јавност од Лондон.

Во 2003 година, г-ѓа Мaљковиќ Атанасовска ја доби наградата „Бенџамин Франклин“ на американскиот Стејт Департмент за создавање и усовршување на протоколарната база на податоци за потребите на Американската амбасада во Скопје, каде што г-ѓа Мaљковиќ Атанасовска ја извршуваше функцијата офицер за протокол на амбасадорот на САД.